РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 23-01-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 - 19

Gmail

Evgenija Cukaleva <evgenija.cukaleva.ob@gmail.com>

# Барање за пристап до информации од јавен карактер

1 message

[redacted] Wed, Jan 17, 2024 at 3:31 PM
To: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com, emilija.ilievska.ob@gmail.com
Cc: sekretar@bitola.gov.mk

Почитувани,

Врз основа на член 4, член 12 и член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник бр. 101/2019) до Општина Битола како имател, го доставувам следното барање за информации од јавен карактер:

> **1. Да ми се достави важечкиот ДУП (графички прилог или синтезен план, табела и текстуален дел од планска документација - општи и посебни услови) за Централно градско подрачје 1 дел Блок 1- Битола.**

Нагласувам дека **<u>не барам извод од ДУП</u>** кој е официјален документ и кој е неопходен за било каква управна постапка, туку едноставно барам **<u>информација од јавен карактер</u>**.
Доколку е донесен нов ДУП со различен назив од наведениот, Ве замолувам да ми се достави оној ДУП кој е важечки за блокот околу Хајдар Кади џамијата, меѓу улиците: „Баталјон Стив Наумов“, „Филип Македонски“ и „Цане Василев“. ГИС-порталот на Општина Битола не е веќе активен и не можеме како граѓани да ги знаеме точните имиња.

Бараните информации да ми се доставаат целосно и во електронска форма на оваа електронска адреса **snezhana.domazetovska@gmail.com** во законски утврдениот рок.

На веб-страницата на Општина Битола има само листа - преглед на важечките урбанистички планови (http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2019/01/Pregled_na_URB_planovi_0119.pdf), **<u>но не и самите планови</u>**. Од она што јас можев да го најдам, од вкупно 117 ДУП-ови и дополнително други урбанистички документации, достапни се **<u>само 2 урбанистички плана</u>** на следниот линк: https://www.bitola.gov.mk/%d0%b4%d0%b5%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8-%d1%83%d1%80%d0%b1%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8/, со што Општина Битола ги прекршува долуцитираните закони.

Доколку сепак Општина Битола ги има објавено важечките урбанистички планови на својата веб-страница, Ве замолувам да ми го испратите линкот.

Со цел да избегнеме напред-назад комуникација, би сакала да го појаснам однапред барањето и обврските на Општина Битола.

1. Согласно член 2, став (1), алинеја 53 од ***Законот за урбанистичко планирање*** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020 и 111/2023) **<u>Деталните урбанистички планови се јавни документи</u>**, кои **<u>мора да ги имате објавено на вашата веб страна</u>** во согласност со член 52, став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020 и 111/2023);

2. И согласно претходниот ***Закон за просторно и урбанистичко планирање*** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), поточно член 42, став (5), сте ја имале истата **<u>обврска, да ги објавите плановите на вашата веб-страница</u>**;

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за
спроведување на урбанистички планови

Бр.11-11/2
23.01.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-11/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил: 24.01.23

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 11/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Одделение за спроведување на урбанистички планови**

Бр.30,сл од 24.01.2024г.

**До Сектор за правно-нормативни, административни и општи работи**
**Одд. за административни и општи работи**
**Г-ѓа Евгенија Чукалева**

ПРЕДМЕТ: **барање за пристап до информации бр.11-11/2 од 23.01.2024г.**

Ве информираме дека на официјалната страна на Општина Битола е поставен пристап до **ГИС портал**, каде можете да имате пристап до сите плански документации како важечки ДУП-ови, ГУП и друга планска документација, во секое време и тоа како информативен карактер.

Се надеваме дека понудените податоци од ГИС-порталот ќе бидат доволни за Вашите истражувачки потреби и барања.

Со почит,

ВД Раководител на Одд:

Љубица Мигуловска, диа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11/4
29.01.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **23.01.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Законот за урбанистички планови и детални урбанистички планови објавени на веб страната на Општина Битола?.) (Детален опис во прилог на Решението)**

## СЕ УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-1 од 23.01.2024 година
2. Допис до Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11/2 од 23.01.2024 година
3. Одговор од Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11/3 од 25.01.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 29.01.2024 година, под бр. 11-4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА